РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 21-1880/2
14.09 2017 год.
КРИВА ПАЛАНКА

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Крива Паланка, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година усвоен од Владата на Република Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ, на ден 14.09.2017 ,а ќе трае 5 работни дена до 20.09.2017 година , објавува:

**Ј А В Е Н   О Г Л А С**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект "Грижа за стари лица" за работно ангажирање со скратено работно време за период од 6 (шест) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Крива Паланка.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 6 (шест) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 6.200,00 денари, што вклучува персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

-невработени лица евидентирани во АВРМ
најмалку 1 година
-млади невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 6 месеци
-деца без родители и родителска грижа

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

**Диплоиран Социјален работник или Социолог или**
**Активен баратеl на работа со средно образование**
**Доктор по медицин или Средно медицинско училиште**
**Правен факултет**
**Средно медицинско училиште**
**Физиотерапевти**
**Угостителски работници, Кувари**

Заинтресираните невработени лица  Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да подигнат и поднесат во Агенција за вработување - Центар за вработување Крива Паланка во периодот од 8:30 година до 16:30 година.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Крива Паланка и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во општина Крива Паланка кај лицето Елена Христовска, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа“, Агенција за вработување- Центар за вработување Крива Паланка кај лицето Грозде Ѓорѓиевски,  Центар за социјлна работа Крива Паланка кај лицето Кристина Јакимовска-Петковска.

Сите заинтересирани лица, Пријави по јавниот оглас може да подигнат и поднесат во Центарот за вработување во Крива Паланка во периодот од 14.09.2017 година до 20.09.2017 година од 08.30 до 16.30 часот.

**Лице за контакт:**

**Елена Христовска**

**072/251-031**

.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА